


КАКВО ЗНАЧЕЊЕ ИМА ЗА ЧОВЕКОТ
ХРИСТОВАТА СМРТ НА КРСТОТ?
ДАЛИ ИСУС ДОБРОВОЛНО
СЕ ЖРТВУВАЛ СЕБЕСИ?

# Исус Христос

## ИЗВОР НА ВИСТИНСКАТА НАДЕЖ



Нобеловецот **Ернест Хемингвеј** живеел успешен живот, исполнет со авантури и забава. Ловел во прашумите на Африка, посетувал борби со бикови во Шпанија, се борел во граѓанската војна и освоил титула победник во аматерски бокс. Се трудел да ги победи сите животни пречки, со еден збор - сакал да живее. Во 1954. година неговиот авион се урнал над африканскиот континент, но успеал и тој пад да го преживее. Соочувајќи се со едно прашање чувствувал дека целиот негов живот изгубил смисла. Додека ја набљудувал иднината и ја барал смислата на животот заклучил: „Животот е само еден нечист трик, едно кратко патување во ништожноста“.

Бидејќи не нашол решение за мислите што го измачувале, извршил самоубиство. Дали вистинската смисла на животот се состои во патувањето од ништожност во ништожност?



### *Дали е животот навистина еден нечист трик или нешто повеќе од тоа?*

Иако Исус Христос живеел исклучителен живот, смртта и Него го дофатила. На крајот на својата служба и Тој тргнал на своето последно патување во Ерусалим. Во многу свечени околности влегол во главниот град. За време на празникот Пасха, големо мноштво се собрало над ѕидините, со своите облеки го покриле патот и со царско достоинство во согласност со традицијата на тоа време, Исус на магарица влегол во царскиот град. Само влакно фалело навистина да го прогласат за цар. Секој слушнал за Неговата моќ, сиот град одзвонувал од Неговите дела. Во тие денови доста време и особено внимание се посветувало на проучувањето, бидејќи сакал да ги зајакне своите ученици, но речиси никој од нив не сфаќал дека Исус сè уште не стигнал во зенитот на својата слава, туку всушност им држел проштален говор и ги подготвувал за својата смрт.



Во Исусовиот живот, по овие настани следувале највозвишените случки, а евангелијата им посветуваат огромно внимание. Настаните пред Христовата смрт, деталните описи за Неговите болки и целокупното Исусово страдање како да оживуваат пред нашите очи додека ги читаме овие сведоштва.

Оставајќи место за последната вечера, Исус тргнал со учениците во Гетсиманската градина. Тука се подготвувал за својата смрт со голема душевна борба, проткаена со капки крв во Неговата пот. Тука на Маслинската гора го уапсиле Исус, а потоа под закрилата на ноќта, почнало испрашувањето во однапред испланираниот ред на судење. Верските водачи со страсна ревност ја проследувале нехуманата постапка која завршила со смртна казна. Сакале случајот што побрзо да заврши, така што Исус до зори морал да помине низ три испрашувања.

Откако ја донесле одлуката, на Кајафа му преостанало од римскиот гувернер да го изманипулира одобрувањето на смртната казна. Потоа однапред направениот крст го ставиле на Неговите рамена и го пратиле на пат полн со страдања и болки. Предаден и повеќе пати камшикуван, тргнал кон Голгота. Оној чии дела го промениле целокупниот тек на историјата бил распнат помеѓу двајца злосторници. Христовата агонија траела помалку од вообичаените два или три дена. Умрел по шестчасовно страдање. Неговите следбеници го напуштиле, а страв навлегол во луѓето. Во тој момент изгледало дека Исусовата мисија е неуспешна. Дали еден извонреден живот можел да заврши на таков начин? Дали и ние заедно со Хемингвеј можеме да заклучиме дека животот е само еден нечист трик или да воскликнеме заедно со Бертранд Расел:

*„Човекот... неговото потекло, растот, надежите, стравовите, љубовта и верата се резултат на случајното кинење на атомите. Никаква верност, херојска постојаност, возвишеност и чувствителност не можат да ѝ го сочуваат животот на една таква личност по смртта“* (Бертранд Расел: A free man's worship - Богослужение на слободниот човек, стр. 6.7).

**Кој би имал храброст под подножјето на крстот да тврди дека Исус ќе стане највлијателната личност на светот и дека христијанството ќе биде најсилната светска религија?**

**Кој можел да претпостави дека Христовите следбеници ќе тргнат со таква сила, освојувајќи го речиси целото римско царство?**

Изгледало дека сè пропаднало. Но тука не завршило сè. Вистинската победа, всушност, започнала тука. За да го разбереме тоа малку подлабоко, мора да навлеземе во настанот.





### Исуса не го убиле, Тој се жртвувал самиот себеси за да му даде на животот нова смисла.

Според мислењето на мнозина, Исус живеел во бездушно време, а настрадал поради интригите на злобните луѓе. Поради историските околности, еврејскиот народ не можел да го прифати и поради тоа, според мислењето на многумина, токму тие биле одговорни за неговата смрт. Со векови Евреите ги трпеле обвиненијата дека тие се виновни за Исусовата смрт.



Исус можел да повика „дванаесет легии ангели", но не повикал, за да може да стане откупителна жртва за мене и тебе!

Меѓутоа, ако подлабоко ги проучиме Христовите зборови, ќе видиме една сосема поинаква низа причини. Во Јован 10, 17-18 Исус вели:

*„Таткото ме љуби затоа што Јас го давам својот живот, за да го земам пак. Никој не ми го одзема, туку Јас го давам сам од себе. Имам власт да го дадам, и имам власт да го земам пак. Оваа заповед ја примив од мојот Татко."*

Значи, Исус не го убиле, туку сам го положил својот живот. Во Евреите 9,14 Библијата вели дека „се принесе сам себеси на Бога без недостаток..." Значи, Тој не бил жртва на луѓето со зли намери, туку самиот себеси се принел на жртва. Каква разлика! Во Гетсиманската градина не страдал поради страв, туку се борел за сила и храброст, за да ги поднесе страдањата во исполнувањето на својата мисија. Можел да побегне, имал можност и власт да го направи тоа. Кога војската која го барала стигнала на Маслинската гора, самите Негови зборови ги принудиле да испопаѓаат на земја.

*„А кога им рече: 'Јас сум', се повлекоа назад и паднаа на земја"* (Матеј 26,52).

Петар го извадил својот нож за да го заштити својот Господ, но Тој заповедал: *„Врати го ножот на своето место; Зашто сите, кои се фаќаат за нож – од нож ќе загинат. Или мислиш дека не можам да го помолам Мојот Татко да ми испрати веднаш повеќе од дванаесет легии ангели?"* (Матеј 26,53)

Пророците векови порано ја прорекле Неговата смрт, дошол на земјата да се предаде себеси како жртва, за откупување на човекот. Исус живеел, служел и умрел според одреден план. Неговата смрт не била случајна, ниту последица на некој пеколен план, туку свесно принесена жртва, самопожртвуван плод на љубовта, како што напишал апостол Павле: *„По тоа ја познавме љубовта, што Тој го положи својот живот за нас..."* (1. Јованово 3,16).

Исус внимателно се подготвувал за смртта на крстот, а своите следбеници однапред ги предупредил за тоа што ќе се случи: *„И кога ги зеде со себе дванаесетте, им рече: 'Еве, одиме горе во Ерусалим; и ќе се исполни сè што пишувале за Човечкиот син, зашто ќе биде предаден на многубожците, и ќе му се потсмеваат и ќе биде измачуван и плукан, и кога ќе го бичуваат, ќе го убијат, но ќе воскресне на третиот ден'"* (Лука 18,31-33).

Исус не бил изненаден од доаѓањето на казнениот вод, Тој подготвено ги дочекал. Со Неговата смрт на Голгота се исполниле речиси педесет пророштва, кои векови порано го предвиделе крајот на Неговиот животен пат. Пророкот Исаија седум века порано прорекол за Месија:



*„Им го подметнав грбот на оние што ме удираа, а образите на оние што ми ја кубеа брадата, и своето лице не го скрив од навредите и од плукањето"* (Исаија 50,6).

Тој не умрел како жртва на омраза, туку себеси се принел како жртва од љубов. За време на Неговото раѓање се слушнале ветувања што ја вообличуваат целта на Неговото доаѓање на земјата:

*„Еве го Божјето јагне кое ги зема на себе гревовите на светот"* (Јован 1,29). Исусовата цел била спасување на човекот.

### Зошто му е неопходно спасението на човекот?

Апостол Павле појаснува дека „смртта е плата за грев, но благодатниот Божји дар е вечен живот во Исус Христос нашиот Господ" (Римјаните 6,23).

Сите луѓе згрешиле. Последица на тоа е гревот, очајот, страдањето и минливоста. Бог не создал таков свет, туку совршен, во кој „сè било многу добро." Поради резултатите на гревот, човекот се наоѓа во голема неволја. Божјата казна не им носи смрт на луѓето, туку таа е изразита карактеристика на гревот, кој го одвојува човекот од изворот на животот. Пророкот Исаија вака го искажува тоа:

*„Туку вашите беззаконија создадоа раздела, меѓу вас и вашиот Бог. Вашите гревови го сокрија Неговото лице, и Тој веќе не ве слуша"* (Исаија 59,2).

### Зошто човекот се одвоил од Бога?

Како дошло до оваа состојба? Кој е одговорен за тоа? При создавањето Бог не сакал да владее како диктатор над човекот и затоа му дал слободна волја. Човекот можел самостојно да донесува одлуки. За жал, донел погрешна одлука, го избрал злото а последиците сам морал да ги сноси. Според зборовите на Библијата, станал „грешник". Доследно ги одбирал себичните и неморалните поединости, и се бунтува против Божјите заповеди. Бог морал да го уништи човекот од лицето на земјата, но толку го сакал што не го сторил тоа. Можел да ги елиминира последиците на гревот, но тоа би предизвикало хаос.



Потребно е гревот да има тешки последици, бидејќи кога би ги немало, би биле охрабрени сторителите на гревот, а мирот во вселената би бил неостварлив. Нашето човечко чувство за

правда бара извршување на казна кога се соочуваме со страшни неправди и малверзации. Убијците треба да се уапсат, педофилите треба да се казнат и да се затворат, за да не го разнебитуваат општеството. Меѓутоа, овие основни човекови очекувања, кои извираат од нашето чувство за правда, се исклучително болни кога последиците на гревот се појавуваат во нашиот сопствен живот.

Исус не ги набљудувал залудно човековите страдања, туку направил план за негово избавување. Не можел да го укине законот, бидејќи тоа би создало анархија во универзумот. Исто така, не можел да ги отстрани последиците на гревот, бидејќи тогаш би бил неправеден и ниедна сила не би го сопирала човекот, бидејќи тој, без последици, сосема слободно би можел да прави што сака.

Да замислиме како би се одвивал сообраќајот во големите градови кога никаков закон не би го регулирал, и кога возачите не би се плашеле од последиците! Животот во општеството би завршил во хаос.

Главно прашање за Исус било на кој начин да ја скрши власта на гревот над човекот, да го спаси човековиот живот, а во исто време да одржи правичен поредок во вселената.



Божјиот закон не можел да биде укинат, бидејќи тогаш со целиот Универзум би завладеале хаос и анархија.

Бог имал план за спасение на човекот. Ако казната за гревот е смрт, тогаш некој друг, а не човекот, ќе треба да ја плати таа цена. Исус дошол на земјата и бил подготвен да ги прифати последиците на човековиот грев да страда за него и да умре за да му овозможи на човекот да живее.

Тој го зел товарот на нашите гревови. Сето тоа ни зборува дека нè љуби, се грижи за нас со копнеж да имаме живот. Што и да сториме, не може да го промени овој факт. Самата помисла дека некој толку многу нè сака е неверојатна и восхитувачка. Ги прифатил страдањата, камшикувањата, гладта и понижувањата, само за да нè спаси. Едвај може да го сфатиме целосното значење на тој факт. Оваа љубов му дава ново значење на нашиот живот, му открива нови цели и му покажува нова надеж. Можеби се прашуваме што ни вреди сето тоа ако Исус умрел на крстот, кога смртта и нас нè чека? Меѓутоа, тоа не е крај на приказната. Исус однапред прорекол дека, иако ќе страда и ќе умре, на третиот ден ќе воскресне.

## *Оној што ја победи смртта*

Библијата вели дека гробот не бил крајна станица за Исусовиот живот, а тоа значи дека и нашиот живот не мора таму да заврши. Најголемиот настан во историјата на светот штотуку настапува. Без воскресението христијанската вера е безвредна (1. Коринќаните 15,23.24; 19,20).

Исусовото воскресение било пресвртница во историјата на светот. Пред смртта на крстот, учениците, уплашени, побегнале кога ги виделе војниците кои го барале Христа. Од страв се вовлекле во своите домови и тивко, зад затворени врати, зборувале за Исус. Меѓутоа, по воскресението, дошло до голема промена.

Исус им се појавил на учениците, кои, согледувајќи дека Исус навистина ја победил смртта, добиле голема храброст. Учениците, како највeрни сведоци на тогаш познатиот свет, му го проповедале Исусовото воскресение. Повеќемина од нив биле подготвени да умрат за Него со маченичка смрт. Тоа го оправдува Исусовото воскресение.

Сер Лајонел Лаку, кој според Гинисовата книга на рекорди (од 1998 година), како најуспешен адвокат, ги напишал следните зборови за Исусовото воскресение:

*„Одговорно тврдам дека фактите што го потврдуваат Исусовото воскресение се толку убедливи, што нивното испитување ме тера да ги прифатам, притоа не оставајќи никакво место за сомнеж“* (Лајонел Лаку, Божјите неприкосновени факти).

Исусовото воскресение јасно ги уверило учениците. Во спротивно, не би биле подготвени да страдаат и да умрат за него. Со векови милиони луѓе го следеле Исус во потрага по нова надеж, бидејќи сфатиле дека неговата љубов, смрт и воскресение му даваат потполно ново значење на животот, а секој нов ден го исполнуваат со надеж.

## *Кои аргументи говорат во прилог на Исусовото воскресение?*

1. Исус самиот однапред изјавил дека ќе воскресне на третиот ден. Тој никогаш не лажел, туку напротив, се борел за вистината.
2. На денот на воскресението гробот бил празен. Кога учениците би го однесле неговото тело, не би имале храброст да страдаат и да го жртвуваат својот живот за мртов Месија. Кога свештениците би го однесле Христовото тело, подоцна, како доказ, би го користеле против христијаните. Но тоа не се случило. Учениците добиле сила, а свештениците со вооружена сила се обиделе да ги замолчат. Тоа го оправдува воскресението.
3. Учениците за миг го победиле својот кукавичлак, добиле сила и храброст, непоколебливо држејќи се за него. Што се случило со нив? Го виделе воскреснат.
4. Апостол Павле јавно тврдел дека освен учениците уште најмалку петстотини луѓе го виделе Исус. Кога ги кажал овие зборови, мнозина од очевидците сè уште биле



живи. Неговите современици, без приговор ја прифатиле оваа изјава и јавно ги читале неговите списи.
5. Брзото ширење и силата на христијанството не можат да произлезат од неуспешен водач. Мртвиот Месија никого не може да го мотивира. Ширењето на христијанството докажува дека Исус воскреснал.
6. Апостол Павле не би се обратил, кога не би му се објавил воскреснатиот Исус. Во неговите подоцнежни беседи ова доживување претставува едно од наважните негови содржини.
7. Денес милиони христијани тврдат дека лично го искусиле неговото постоење, го запознале Христа и нивниот живот се променил.

Животот на наркоманите, на другите зависници, злосторниците, себичните и груби луѓе се промениле под негово влијание. Во нивниот живот се покажала таква сила која потврдува дека Христос и денес ги менува животите на луѓето. Значи, Тој живее!

За секој човек е мошне важно како се однесува кон Исус, кон неговото воскресение и можноста за нов живот која Тој им ја нуди на сите. Секој од нас еднаш мора да се одлучи: Дали ќе го прифати тоа или ќе го отфрли фактот дека Исус умрел и воскреснал за него! Најубавиот дел, кој се смета за еден од најубавите цитати во Библијата, го свртува нашето внимание кон Божјиот план, кој содржи значајни елементи за нас:



> *„Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде својот Единороден Син, та секој што верува во него да не загине, туку да има вечен живот. Зашто Бог не го испрати својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него. Кој верува во Него, нему не му се суди; а кој не верува веќе е осуден, зашто не поверувал во името на Единородниот Божји Син“ (Јован 3,16-18).*

Исус токму затоа дошол на земјата за да го спаси човекот. „Поставил основа за откуп, ја платил цената, а можноста за вечен живот преку Библијата му ја нуди на секој човек“. Од страна на човекот постои еден единствен услов за спасение: тоа е верата. Кој верува во Исус, ја прифаќа неговата жртва и понуденото пријателство, тој има вечен живот. Значи, секој човек треба да донесе слободна одлука. Ако со вера му се обратиме на Бога, тој ќе ни го прости гревот преку Исусовата заменичка жртва и ќе биде подготвен да ни подари вечен живот. Ако некој се одврати од него, тогаш со своето неверство одлучил да го избере вечното проклетство, а не Божјата љубов и пријателство.

## Но, како можеме да веруваме?

Бог со толку голема љубов му се обраќа на човекот и е подготвен да му помогне на подрачјето на верата. Ако некој се обрати кон Бога со желба да го запознае, ќе ја побара неговата помош за да може да верува, тогаш Бог ќе го чуе и ќе ја оживее верата во неговото срце. Искрениот истражувач Тој никогаш нема да го остави сам, бидејќи платил голема цена за човекот. Оној што се сомнева треба упорно да бара Бог да му се открие и да ја оживее верата во неговото срце. Библиските ветувања важат и за него: „Секој кој посакува, прима и кој бара, наоѓа...“

## Како може да го прифатиме Божјото пријателство и вечниот живот?

Многу едноставно. Бог се однесува кон секој човек со искрено и длабоко пријателство. Да му возвратиме и ние, и да се однесуваме кон Него со искрена љубов. Да му речеме: „Боже, ти благодарам што ме љубиш; ти благодарам што Исус умрел на крстот за моите гревови. Признавам дека живеев без Тебе, грешејќи против тебе и ближните. Те молам, прости ми и прифати ме. Ти благодарам што си ми ветил вечен живот. Верувам во Тебе и сакам цела вечност да бидам со тебе. Амин!“

Со Божја помош може да ги надминеме уништувачките чувства што ги доживеал и ги опишал Хемингвеј. Животот не е нечист трик, затоа што животот и воскресението на Исус Христос нè исполнуваат со надеж, среќа и љубов. Тоа е вистинскиот живот кој почнува кога мислиме на вечноста. Меѓутоа, секој одлучува самиот за себе.

Лекција бр. 8

серија **„Трагите водат кон Бог“** Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Јазична редакција: **Томислав Треневски**
Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“** П. фах 215, 1000 Скопје
Печати: **Аркус дизајн** | За дополнителни информации пишете ни на **tragite@yahoo.com** или јавете се на **071 / 569 076**
**www.adventisti.org.mk** **www.znacinavremeto.mk**